ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите: м-р Мери Дика Георгиевска претседател на советот, Петранка Ташева и м-р Наташа Савовска Димитровска членови на советот, во правната работа на тужителот Друштво за угостителство, производство и трговија ХАЦАТ ДОО С., против тужениот Јавна установа од ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР С., за долг, вредност на спорот 38.838.555,00 денари, одлучувајќи по жалбата на тужениот изјавена преку полномошник Влатко Ристовски адвокат од С., против пресудата на Основен граѓански суд С. ПЛ1-ТС-1225/21 од 26.04.2022 година, на нејавната седница на советот одржана на 13.01.2023 година, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основен граѓански суд С. ПЛ1-ТС-1225/21 од 26.04.2022 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот, да му ги надомести на тужителот, трошоците сторени во жалбена постапка во вкупен износ од 66.120,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд С.со обжалената пресуда го одбил како неоснован приговорот на тужениот. Решението за издавање на нотарски платен налог НПН бр.9/21 од 27.07.2021 година на нотар Зоја Андреева Трајковска со службено седиште на подрачјето на Основните судови на град С., со кое тужениот е задолжен во рок од 8 дена по приемот на решението да му плати на тужителот главен долг во износ од 38.838.555,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие и тоа на поединечни износи со дати на стасаност како под ст.2 од изреката на пресудата до исплатата зголемено за десет процентни поени, како и за трошоците во износ од 49.630,00 денари, го оставил во сила. Со Решение составен дел на пресудата го задолжил тужениот да муги плати на тужителот процесните трошоци во вкупен износ од 230.720,00 денари, во рок од 8 дена по приемот на одлуката.

Против наведената пресуда навремена жалба изјави тужениот преку полномошник Влатко Ристовски адвокат од С., побивајќи ја истата поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право

и одлуката за трошоците, со предлог жалбата да се усвои, а побиваната пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Одговор на жалба е поднесен од тужителот преку полномошник Васко Трајковски адвокат од С., со кој се побиваат жалбените наводи изнесени во жалбата на тужениот и предлага жалбата да се одбие како неоснована, а првостепената пресуда да се потврди, како и да се задолжи тужениот со трошоци по приложен трошковник и тоа за состав на одговор на жалба износ од 42.120,00 денари и за такса за одговор на жалба 24.000,00 денари.

Апелациониот суд С., по проучување на списите во предметот, обжалената пресуда, како и по оценка на жалбените наводи и одговорот на жалба, најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновани се жалбените наводи за сторена суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 343 став 2 точка 14 од ЗПП од страна на првостепениот суд, бидејќи побиваната пресуда е јасна и разбирлива, содржи образложени причини за решителните факти, па како таква може во целост и со сигурност да се испита.

Спротивно на тврдењето во жалбата дека првостепениот суд погрешно и нецелосно ги ценел изведените докази, притоа не давајќи образложение за таквото постапување, според оценка на овој суд, првостепениот суд ги извел сите предложени докази кои се од значење за одлучување во овој спор врз основа на кои докази ги утврдил сите решителни факти и тоа врз основа на резултатите од целокупната постапка. Имено, првостепениот суд изведувајќи ги и земајќи ги во предвид сите релевантни докази во постапката, постапил согласно чл.8 од ЗПП, односно постапил согласно начелото на совесна и грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно. По наоѓање на овој суд, во образложението на пресудата судот дал причини поради кои конкретниот спор го решил по однос на спорните прашања на начин како е тоа наведено во изреката на пресудата. За тоа судот ја изложил фактичката состојба и доказите изведени во постапката и дал своја оценка на изведените докази. Судот дал анализа на утврдените факти и на изведените докази и ги навел причините поради кои некој факт го сметал за утврден. Судот исто така во образложението на пресудата ги изнел и правните причини за својата одлука. Тоа значи, судот го навел правниот пропис кој го регулира спорниот правен однос и образложил од кои причини конкретниот спорен однос го подвел токму под тие правни прописи. Во конкретниот случај, одлуката на првостепениот суд содржи такво образложение, па овој суд може истата во целост да ја испита.

Неосновани се жалбените наводи за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Ова од причина што по оценка на Апелациониот суд фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, истата содржи образложени

причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд и се темели на изведените и правилно ценети докази во текот на постапката, во смисла на одредбите од чл.7 и 8 од ЗПП, па како таква овој суд во целост ја прифаќа онака како што е утврдена во првостепената пресуда.

На правилно и целосно утврдената фактичка состојба, по оценка на овој суд првостепениот суд правилно го применил материјалното право кога со примена на одредбите од чл.266 и чл.266-а од ЗОО по однос камата на главниот долг, го уважил тужбеното барање на тужителот и одлучил како во изреката на обжалената пресуда, од која причина и жалбениот навод за погрешна примена на материјалното право се јавува како неоснован.

Првостепената пресуда содржи доволно образложени причини за решителните факти, со кои причини овој суд во целост се согласува и ги прифаќа. Имено, првостепениот суд од изведените докази во текот на постапката неспорно утврдил дека тужениот како прва договорна страна и тужителот како втора договорна страна склучеле Договор за деловна техничка соработка заведен кај тужен под број ................ од 26.03.2004 година, а кај тужител под .............26.03.2004 гдина со предмет на договорот –н регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со обезбедување и снабдување со исхрана на пацинетите и на персоналот на првата договорна страна, како и утврдил дека во чл.8 од Договорот било предвидено дека тужениот ќе врши плаќање за извршените услуги во рок од 15 дена по доставена фактура. Притоа судот од увидот од изготвеното вештачење и неговото дополнение во корелација со утужените фактури и договорот, ги утврдил фактите по однос на видот на деловниот однос помеѓу странките и висината на долгот на тужениот од 38.838.555,00 денари по утужените фактури. Согласно вештиот наод и мислење предметните фактури се евидентирани во сметководствената евиденција на двете странки и по истите не е евидентирано плаќање. Исто така вештото лице извршило увид во архивата на тужениот, согласно која предметните фактури се со приемен печат, односно сите фактури се примени во архивата на тужениот. Со оглед дека тужениот ги примил услугите на обезбедување и снабдување со исхрана кои се предмет на утужените фактури, како и дека тужениот не му ги платил фактурите, па во оваа смисла и по оценка на овој суд правилен е заклучокот на првостепениот суд дека тужениот ќе биде во обврска да му го исплати на тужителот сега досудениот износ од 38.838.555,00 денари.

Обврската на тужениот за исплата на главниот долг передмет на тужбата произлегува од одредбите на член чл.10 ст.1, чл.135 ст.1 и чл.251ст.1 од ЗОО.Согласно содржината на овие одредби од ЗОО, договорот создава права и обврски за договорните страни и доверителот од обврзан однос во овој случај тужителот, е овластен да бара од должникот во овој случај тужениот, исполнување на обврската а тужениот како должник е должен да ја исполни совесно во сето како што гласи таа. Понатаму во членот 10 е уредено начелото на должност на исполнување на обврските па согласно став 1 од овој член учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се

одговорни за нејзиното исполнување. Предвид на ова, тужителот ја исполнил договорната обврска во врска со обезбедување и снабдување со исхрана на пациентите и на персоналот на тужениот меѓутоа тужениот износот предмет на тужбата не му го платил на тужителот.

Со оглед на фактот да првостепениот суд не извршил повреда на одредбите на парничната постапка и правилно ја утврдил фактичката состојба, во обжалената пресуда правилно е применето и материјалното право.

При одлучувањето овој суд ги имаше во предвид жалбените наводи на тужениот дека во неговата книговодствена евиденција долгот што го побарува тужителот не е евидентиран од тужениот како долг спрема тужителот, дека предметните фактури се еднострани акти изработен од страна на тужителот, дека утужените фактури не содржат архивски печат од кој неспорно би се утврдил прием од страна на тужениот, како и дека тужителот ја побарува каматата спротивно на Договорот за јавна набавка на стоки каде точно се определени начинот, условите и динамиката со кои ќе тече каматата. Меѓутоа овој суд истите ги одби како неосновани од причина што видно од фактурите и од вештиот наод и мислење со неговото дополнение е дека истите се уредно примени кај тужениот и дека се изготвени согласно склучениот договор. Ова дотолку повеќе што тужениот не оспори конкретно некоја фактура или износ, односно невршење на фактурираните услуги, а исто така не достави докази ниту за оспорување на долгот или враќање на фактурите кај тужителот, ниту пак за извршена уплата, ниту пак го оспорил вештиот наод и мислење доставен од тужителот.

Неосновани се наводите во жалбата во однос на тоа дека вештиот наод и мислење е едностран изготвен по барање на тужителот само врз основа на приложената документација од тужителот и во присуство на полномошник и претставник од страна на тужителот и дека приложениот вешт наод и милсење не ја отсликува реалната фактичка состојба како би можело со сигурност да се утврди постоењето и висината на предметниот долг. Ова од причини што од списите на предметот неспорно се утврдува дека за одржаното вештачење, странките - тужителот и тужениот како и нивните полномошници биле благовремено известени од страна на вештото лице Ј. Д. со известување за ден за вештачење, приложено кон вештиот наод и мислење. Исто така тужениот не приговорил и на самото вештачење. Доколку тужениот сметал дека од приложените докази кон тужбата не може да се утврди веродостојноста на побарувањето, истиот можел да достави економско -финансиско вештачење. Понатаму видно од придружната документација прилог на дополнението на вештачење е дека вештото лице на ден 01.12.2021 година уредно преку е-маил ги известил тужениот и неговиот полномошник дека треба да се доставaт одредени докази за да може да се изврши дополнително вештачење по кое воопшто небило постапено односно од страна на тужениот не биле доставени никакви докази поврзани со предметот како целина. Од сите изведени докази во постапката, а особено од Договорот за јавна набавка, фактури уредно примени и потпишани од страна на тужениот, правилно првостепениот суд утврдил дека помеѓу странките

постоел деловен однос, врз основа на кој тужителот ја исполнил својата обврска, дека тужениот извршил требувања за болнички оброци и оброци за дежурен персонал, за кои тужителот изготвил и ги доставил сега утужените фактури, а тужениот не се придржувал на договорот, не ја исполнил својата обврска, навремено не ги исплатил истите и останал да му должи на тужителот износ од 38.838.555,00 денари.

Жалбениот навод на тужениот во делот на неоснованост на тужбеното барање во делот на законска казнена камата на главен долг за задоцнето плаќање, овој суд го одби како неоснован, поради тоа што тужениот паднал во задоцнување со исполнување на паричната обврска со тоа што долгот по фактурите не ги платил во рокот за плаќање, па оттука неспорно во целост произлегува и основаноста на тужбеното барање на тужителот по основ и на камата сметано од доспеаноста на секој поединечен износ по фактурите па се до нивната конечна исплата, а во смисла на чл.266 и чл.266-а од Законот за облигациони односи. При тоа правилно судот во однос на одлуката за каматата имал во предвид дека тужениот ги примил предметните фактури, како и дека тужителот каматата ја побарува согласно валутниот рок наведен во самите фактури како и согласно член 8 од склучениот Договор помеѓу странките.

Предмет на оцена од овој суд беа и жалбените наводи на тужениот дека вештото лице се впуштило во утврдување на факти кои се спорни и изнесени единствено во корист на тужителот, меѓутоа за истите овој суд најде дека се неосновани. Имено, вештиот наод и мислење и неговото дополнение од Завод за вештачење ДООЕЛ С., ја отсликува реалната книговодствена состојба помеѓу странките, и се изготвени врз основа на увид во целокупната книговодствена евиденција на тужителот а тужениот повикан да достави докази при вештачењето и при неговото дополнување, не доставил никакви докази со кои ќе се утврди поинаква фактичка состојба од утврдената од страна на судот, дотолку повеќе што тужениот во текот на постапката на основот и на висината на долгот утврден од страна на вештото лице и не приговарал а приговарал само на фактот дека вештачењето е еднострано и е извршено врз основа на документацијата на тужителот меѓутоа тужениот од страна на вештото лице како при вештачењето така и при неговото дополнување бил повикан да достави докази а не доставил никакви докази па секој жалбен навод на тужениот во оваа насока е неоснован. Основано првостепениот суд му поклонил верба на вештиот наод и мислење, па во корелација со останатите изведени и правилно ценети докази, со сигурност утврдил дека тужениот го должи утужениот износ.

По однос на жалбените наводи за одлуката за трошоци, овој суд наоѓа дека истите се неосновани, бидејќи првостепениот суд раководејќи се од успехот на странките во спорот и од чл.148 и чл.149 од ЗПП, Законот за судски такси и АТ на РМ, правилно ги одмерил и досудил парничните трошоци, со јасно образложени причини, за кои преземени процесни дејствија по износи истите се однесуваат, истите се реално сторени трошоци, како и трошоци предјавени и досудени во целост согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на

адвокатите, односно судот правилно ги досудил трошоците согласно АТ. Во оваа насока неосновани се жалбените наводи дека тужениот е неосновано задолжен со трошоци за состав на два образложени поднесоци во износи од по 23.400,00 затоа што наводите тужителот можел да ги изнесе на одржаните рочишта. Во списите на предметот евидираат два образложени поднесоци од тужителот од кои едниот од 01.10.2021 година и вториот 14.01.2022 година. Видно од првиот поднесок е дека со истиот тужителот одговорил на изнесените наводи во приговорот на тужениот, истиот е образложен и за тој поднесок на тужителот му следат трошоци. Со поднесокот од 14.01.2022 година тужителот изнел наводи со кои всушност одговара на наводите од поднесокот на тужениот со образложени причини па и тој трошок е нужен за водење на парницата како што правилно утврдил судот.

Од сето погоре наведено првостепениот суд донел правилна одлука заснована на закон, правилно се применети сите законски одредби, а наводите во жалбата на тужениот се сосема неосновани и истите не влијаат и не можат да влијаат на законитоста на обжаленото решение од аспект на правилна примена на материјалното право.

Со оглед на претходно наведеното овој суд жалбата ја одби како неоснована, а првостепената пресуда ја потврди, согласно чл.357 од ЗПП.

Апелациониот суд С. согласно чл.160 од ЗПП го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците по жалбена постапка во вкупен износ од 66.120,00 денари, а кои се однесуваат за состав на одговор на жалба износ од 42.120,00 денари и за такса за одговор на жалба 24.000,00 денари.

Апелационен суд С. ТСЖ-1184/22 од 13.01.2023 година.

Претседател на совет-судија
м-р Мери Дика Георгиевска, с.р.